# Записник

Од Конститутивна седница на Секретарјатот за реформа во јавна администрација

одржана на ден 19.02.2018 со почеток во 13:30h

во сала за состаноци на Кабинетот на МИОА

**Присутни:**Александар Бајдевски; Билјана Николовска Жагар; Драган Тилев; Христина Конеска – Бероска; Татјана Трајковска; Мирјанка Алексевска; Мабера Камбери; Лидија Цветановиќ; Маја Малјановска; Пламен Георгиевски; Тања Стаменова; Снежана Наџакова; Миланчо Узпрцов; Елтон Зекири; Душица Перишиќ; Огнен Граоковски; Стефаниа Стафила.

Пред самиот почеток на седницата на присутните членови им беше доставено решението со кое е формиран Секретарјат, како и предлог дневниот ред за оваа седница.

Конститутивната седница на Секретарјатот за реформа на јавната админстрација започна со воводено обраќање од страна на заменик министерот за информатичко општество и администрација Александар Бајдевски, кој воедно и раководи со Секретарјатот. Во своето обраќање, заменик министерот истакна за важноста и улогата на Секретарјатот како и за важноста од спроведување на стратегијата за реформа во јавната администрација. Истакна дека по одржување на Советот за реформа на јавната администрација истата ќе биде усвоена од нивна страна а подоцна Стратегијата ќе биде усвоена и од страна на Владата на РМ. На присутните членови им порача дека искрено се надева дека состаноците на Секретарјатот ќе се одржуваат почесто а не само пред заседавање на Советот.

По обраќањето ги извести членовите дека за потребите на Секретарјатот ќе биде изготвен Деловник за работа на истиот, како и за секоја седница ќе се изготвува записник , кој ќе се усвојува тековно на секоја наредна седница.

По обраќањето на присутните членови им го соопшти дневниот ред кои воедно им беше доставен пред почетокот на самата седница, со што премина на расправа по точките од дневниот ред.

ДНЕВЕН РЕД

1.Разгледување на Нацрт - Стратегијата за реформа на јавна администрација (2018-2022) и Нацрт – Акциски план

2.Разно

По точката 1 од дневниот ред заменик министерот по информатичко општество и администрација пред се им се заблагодари на присутните членови за активното учество на институциите чии преставници се, во изготвувањето на Стратегијата за реформа на јавната администрација и Акцискиот план. Во кратки црти од страна на заменик министерот беше изнесена содржината на Стратегијата за реформа во јавната администрација. Ги истакна приоритените области на стратегијата и тоа :

- креирање на политики на координација – истакна дека посебно внимание ќе се посвети на зајакнување на механизмите за усогласеност меѓу планските документи на Владата со секторските стратегии и доследно спроведување, следење и оценување на постигнатите резултати.
- јавна служба и управување со човечки ресурси – ќе бидат насочени кон деполитизација на администрацијата, а особено внимание ќе се посвети на професионализација на високите раководни структори, со разграничување меѓу политичкото и професионалното ниво
- одговорност , отчетност и транспарентност - Со цел зајакнување на транспарентноста и поголема отвореност на администрацијата ќе бидат спроведени мерки насочени кон намалувањето на можностите за злоупотреба на исклучоците за доставување на информации преку дефинирање на јасни критериуми за дистинкција и класификација на информациите од јавен карактер.
- давање услуги и ИКТ подршка на администрацијата - ќе бидат преземени мерки и активности со кои рационално ќе се инвестира во развојот на дигиталната средина, ќе се зголеми квалитетот и достапноста на јавните услуги, ќе се обезбеди дигитална средина која дава пристап до и можност за користење на е-услуги.

На присутните членови им беше посочено дека за целите поставени во Стратегијата, како и координација на процесот е формиран Советот за реформа на јавната администрација, со која претседава , претседателот на Владата на РМ, додека пак Секретарјатот за РЈА преставува стручна и техничка подршка на Советот. Беше истакнато дека за спроведување и следење на реформата на јавната администрација , во МИОА е воспоставен Тим за РЈА. Тимот за РЈА од МИОА, констатно би бил во комуникација со лицата номинирани од страна на институциите. Со таа цел заменик министерот ги замоли присутните членови, номинираните лица кои ќе имаат задача да ја спроведуваат Стратегијата но и да го контролираат спроведувањето на истата да бидат лица кои нема да се менуваат со цел да се воспостави една констаност.

Во однос на следењето и известувањето, истакна дека истото го спроведува МИОА, кое на секои 6 месеци доставува извештај до Советот за РЈА, додека пак еднаш годишно до Владата доставува Извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за РЈА 2018-2022. Присутните беа известени дека оценувањето ќе се прави од страна на независни експерти на две години.

Присутните членови беа известени дека по добиените забелешки на крајот на декември 2017 година од страна на поголем број на институции како и на Европската комисија и на СИгма, истите севнесени во Самата стратегија за реформа на јавната администрација , како и одредени рокови се поместени, како и на тоа дека некои од роковите кои се предвидени во Нацрт верзијат во декември во финалната верзија се поголеми. Присутните членови беа известени дека до крајот на денот ќе ја добијат финалната верзија на Нацрт Стратегијат како и финалната верзија на Нацрт Акцискиот план.

По обраќањето на заменик министерот по информатичко општество и администрација по однос на точка 1 одн дневниот ред им даде право на збор на останатите присутни членови .

Душица Перишиќ ( Заедницата на единиците на локалната самоуправа на РМ)- истакна забелешка во однос на тоа дека локалната самоуправа во самата Стратегија не е доволно застапена ниту пак може да утврди дали Стратегијата се однесува и за едниците на локална самуправа. Забелешка истакана и во однос на тоа дека ЗЕЛС има тренинг центар, каде годишно обуки посетуваат од 1500-2000 , и со таа цел сметаат дека истиот треба да биде спомнат со самата Стратегија

Маја Малјановска (Министрството за правда) - истакнаа дека во однос на верзијат до 31.12.2017 година немаат никакви забелешки, но со оглед на фактот дека заменик министерот напомена дека дел од забелешките на останатите институции по однос на Стратегијата се прифатени , како и оние на европската Комисија и на Сигма, се до моментот додека не ја видат финалната верзија не би можеле да кажат дали имаат или немаат забелешки.

Забелешка истакнаа во однос на законот по слободен пристапк на информации од јавен карактер каде според аклучокот на Влада од 06.02 им се дава ток од 30 дена за исмена на.........

Драган Тилев ( Секретарјат за европски прашања ) пред се истакна дека оваа стратегија е за поздрав и смета дека е една од најсложените стратегии кои досега се изготвени. Во однос на истата ги истакна следниве забелешки:

- Се постави прашањето дали стратегијата која ја имаат добиено во однос на финалната верзија има голем број на измени
- Истакна дека е потребно во самата стратегија да се наведе стартната позиција, со цел при самото спроведување на Стратегијата да може да се утврди напредокот
- Во однос на политиката за задржување на кадарот сметаат дека не е доволно разработен, бидејќи во самата Стратгија е наведено ИТ и ИПА кадарот, а сметаат дека треба да се однесува на сите а не само на овие кадри.
- Унапредувањето посебно да биде разработено
- Во самата статегија не е наведен Центарот за обуки на ИПА
- ИПА 2 да се тргне и да стои само ИПА

Пламен Георгиевски ( Министерство за локална самоуправа ) – истакна дека се согласува во голем дел со забелешките дадени од прдходните говорници особено со забелешката дадена од страна на членот од СЕП во однос на задржување на кадрите.

Задоволство во однос на тоа дека невладниот сектор бил вклучен во подготовка на Стратегијата

- Очекуваат да се напомене и да се наведе дали стратегијата се однесува и на администрацијата во локалната самоуправа

МФ

Сметаат дека сумите кои што се наведени на некои делови се превисоки, и затоа со цел исполнување на Статгијата и Акцискиот план пред се при нивното изготвување треба да се земат во предвид буџетите на самите институции. ( заменик министер , во однос на средствата кои се потребни за остварување на стратегијата и акцискиот план и при невното изготвување активно учество земаа СИГМА, сепак не би можеле никако да наведеме точни и прецизни суми кои ќе бидат потребни за спроведување на истите.

Жагар

- Во однос на локалната самоуправа истите не се наведени бидејќи и самата стратегија се однесува повеќе на извршната власт, но сметаме дека дел од активностите кои ќе се спроведуваат ќе се применуваат и на локално ниво
- Сметаме дека теба да се заземе став во однос на законите и нивните исмени и усогласувае
- Анализата се рефлектираат на состојбите заклучно со 31.12.2017
- Центарот за обуки на ИПА е имплементиран во Стратегијата

ТОЧКА 2

Во однос на степен на кариера